Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ “ број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06) –пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за организирање на јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок 4 Урбана единица 1 во град Струмица

1.Се организира јавна анкета по Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 4 Урбана единица 1 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „ Климент Охридски“, „ Братство Единство“ (новопроектирана) и Крива Река.

2.Решението за организирање јавната анкета ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3.Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Решението.

4.Нацрт–Деталниот урбанистички план за Блок 4 Урбана единица 1 во град Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

5.Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во”Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-2493/1
28.04.2009 год.
Струмица

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев